Вера ГЕОРГИЕВА

# НИЧЕ И ПРЕДСОКРАТОВЦИТЕ

Целиот западен свет своите погонски сили ги зел од античката култура. Дел од таа култура - предсократовската филозофија, има посебно значење поради кое и Ниче ѝ посветува особено внимание.

Предсократовците на најдобар начин го отцртуваат античкиот дух. Тие се "витези на духот" и "творци на филозофијата". Досократовското време Ниче го сметал за величествен дел на грчкото мислење, а предсократовската филозофија ја ценел како "најјуначка историја на човечкиот дух". Таа ги антиципирала сите подоцнежни големи концепции. Оваа општа оценка на предсократовската филозофија Ниче ја задржал во текот на целото свое филозофско творештво. Почнувајќи од "Филозофијата во трагичниот период на Грците" и "Раѓањето на трагедијата од духот на музиката" па сè до зрелиот период на неговото творештво во "Волја за моќ" Ниче ја потврдува својата оценка и интересирањето за предсократовците.

Како кај ниеден народ, кај античките Грци, тој препознава исклучителна творечка сила. Неа ја движат два елементи: аполонскиот и дионизискиот, кои создаваат два основни типа уметност. Во суштина овие два принципи се спротивни. Нивната спротивставеност не е ограничена само на уметноста, туку Ниче ја наоѓа во целокупната култура. Грчката култура е образец на вистинска култура "како согласност меѓу животот и мислењето". Врвот на таа култура Ниче го гледа во хармоничниот спој на аполонското и дионизиското, во трагедијата и нејзиниот основен дел - музиката. Тоа е времето на "трагичниот век на херојска Хелада" кога музиката и филозофијата течат парарелно.[1] Другите народи имале светци, а Грците мудреци.[2] Најголеми грчки мудреци се предсократовците. Во периодот на трагедијата Грците создале одлична низа филозофи. Тоа не се Сократ, Платон или Аристотел, туку токму предсократовците. Со појавата на своеглавиот Сократ почнува "одвратната претензија за среќа".[3] Во своето антиинтелектуалистичко сфаќање на културата, Ниче не му дава место

1. Niče, F., Rodjenje tragedije, BIGZ, Beograd, 1983.
2. Niče, F., Filozofija u tragičnom razdoblju Grka, Grafos, Beograd, 1981. стр. 13.
3. Niče, F., Knjiga o filozofu, Grafos, Beograd, 1984. стр. 99.

ниту на Платон. Напротив, со Платон "почнува отвореното непријателство против културата".[4] Во периодот по трагичкото време уследил распад на грчката уметност. Причината за тоа Ниче ја гледал во појавата на "теорискиот човек", а вината за тоа директно ја има Сократ.[5] Тој бил декадентен борец против инстинктот со својата интелектуално-просветителска етика. Сократ и Платон се "псеудо-Грци" па дури и "анти-Грци". Нивна е вината за раздвојувањето на телото од духот, тешка последица за европската култура.

Старата трагична Грција живеела во духот на вистинскиот живот, пред кобниот Сократов рационализам и дијалектиката на зборови и поими. Токму предсократовските филозофи на најдобар начин го отцртуваат тој вистински грчки дух.

Во толкувањето на предсократовската филозофија Ниче си поставува една задача: "да се покаже како животот, филозофијата и уметноста можат да стапат меѓусебно во подлабока роднинска врска, а при тоа филозофијата да не стане површна, а животот на филозофот лажен".[6] Грците еднаш засекогаш ја оправдале филозофијата. Филозофијата на предсократовците фрла светлина и на тоа што е филозофијата и на тоа што таа треба да биде. Вообичаено е лесно да се заклучи дека Грците имале автохтона култура. Напротив, Ниче мисли дека тие во себе ја апсорбирале културата што цветала меѓу другите народи. Во целина добра би била идејата дека Грците учеле во туѓина - на Исток. Но, според Ниче, таа идеја е оптоварена со заклучокот дека филозофијата во Грција е "увезена и не израснала на природно, домашно тло". Тоа што Грците го научиле сакале истиот момент и да го доживеат. Тие филозофирале како луѓе со културни цели, си ја заштедиле макатa од некаква вообразена автохтоност, уште еднаш да ги изнаоѓаат елементите на филозофијата и науката. Тие веднаш тргнале кон тоа преземените елементи да ги исполнат и да ги возвишат. Заслугата од тој процес е што во филозофијата тие станале " пронаоѓачи". Тој пронајдок Ниче го ценел како толку вреден што "сите подоцнежни поколенија не ќе имаат ништо битно да додадат".

Филозофите од Талес до Сократ се "она што за нашето размислување ја одредува суштината на грчкиот дух". Талес, Анаксимандер, Хераклит, Парменид, Анаксагора, Питагора, Емпедокле, Демокрит се величествени осаменици, од ист камен исклесани. Меѓу нивното мислење и нивниот карактер постои строга законитост. Тие го имале пред себе животот во раскошно совршенство. Предсократовците Ниче ги нарекува "чисти типови". Сите филозофи по нив сè "хибридни", а некои дури и "карикатури".

Грчката филозофија почнува со идејата на Талес дека водата е мајчинска утроба на сè. Оваа идеја колку и да изгледа апсурдна, е таква

---

4. Niče, F., Op. cit. стр. 72.
5. Rodjenje..., стр. 108.
6. Knjiga o..., стр. 101.

само при првиот впечаток. Ниче сметал дека таа е сериозна поради тоа што не содржи слики и бајки, туку зборува за почетокот на стварите и тврди дека едно е сè. Талесовата мисла "сè е вода" не е искажана ниту како мит, ниту како алегорија.

Филозофијата го избира и лачи необичното и тешкото, а филозофот настојува "во него да одекне целокупниот звук на светот, звук што тој потоа - од себе ќе го проицира во поими".[7] Така Талес го видел единственото на постојното, а кога сакал да се изрази, зборувал за водата. Ниче го гледал Анаксимандер два чекора понатаму од Талес. Анаксимандер се запрашал како е можно тоа мноштво, ако воопшто постои, постои вечно единство?[8] За него постоењето на мноштвото станува морален феномен. Тоа не е оправдано, па пропаѓајќи, секогаш страда. Апејронот е немоќен да го реши проблемот на настанувањето. За среќа, појавата на Хераклит блеснува како молња.[9] Со помош на интуитивното претставување Хераклит го одрекол битието и го гледал само настанувањето. Сè во секое време ја содржи во себе својата спротивност. Ниче сметал дека интуитивната моќ на Хераклит непосредно му ги открива и обединува двата услови на постоењето на стварите: шареноликиот присутен свет и времето и просторот. Суштината на стварите е случувањето, заклучил Хераклит. Ниче вели дека за Хераклит светот е амфора чија содржина постојано се меша. Натпреварот меѓу спротивностите трае вечно. Борбата има сопствени закони. Сè постои со посредство на тој судир на спротивности. Затоа светот е неуморно подвижен. Ниче заклучува дека за Хераклит светот е игра на огнот со самиот себе. Само така може да се разбере зошто едното е истовремено и мноштво.[10] Хераклит го разбрал светот како убава и невина игра. Ниче го споредува со естетичар што видел дека судирот на мноштвото, сепак, може во себе да носи закон и праведност.

Со филозофијата на Парменид почнува вториот период во предсократовската филозофија. Во првиот, постар период, според Ниче, се формирал целосен филозофско-физички систем како одговор на клучните прашања во филозофијата на Анаксимандер. Парменид, пак, се појавува како некој "пророк на вистината". Но, тој е "обликуван од мраз, а не од оган", [11] вели Ниче. Тој имал "вродена склоност кон апстрактно-логичка процедура, затворена за секоја сугестија на сетилата".[12] Клучот за тајната на светот Парменид го нашол во "стравотната рака на тавтолошката вистина за битието".[13] Поради раздвојувањето на сетилата од разумот, Парменид го разорил интелектот. Затоа Ниче сметал дека за тоа ја поттикнал фаталната заблуда на раздвојувањето на телото и духот, која преку Платон ја следи

7. Filozofija u tragičnom... стр. 23.
8. Op. cit. стр. 22.
9. Niče, F., Vesela nauka, Grafos, Beograd, 1984. стр. 27.
10. Filozofija u tragičnom... стр. 35.
11. Op. cit. стр. 45.
12. Op. cit. стр. 47.
13. Op. cit. стр. 51.

филозофијата како проклетство. Поради силната омраза спрема измамата на сетилата, Парменид ја жртвувал емпиријата, затоа Ниче го нарекува бескрвен филозоф. Тој се чуди од каде кај Парменид недостиг на крв? Нему му е необично кај еден Грк да има таков апстрактен шематизам. Логичката вистина на која се темели филозофијата на Парменид, тој ја смета за "игра со претстави". Логичката вистина е празна бидејќи со неа не се познава ништо стварно.

Слично на Парменид, и Зенон цврсто се држел до вистината и општото важење на поимите. И тој го отфрлил очигледниот свет како спротивност на вистината и општоважечките поими. Ниче сметал дека и Парменид и Зенон во докажувањето поаѓале од "неверојатни хипотези": поимите да ја мерат, осудат и да ја судат стварноста ако таа ѝ противречи на логиката.[14] За разлика од другите предсократовци кои високо ги ценел, Ниче настојувал против елејските филозофи да пронајде сериозни аргументи. Неговата цел била да ја докаже невистинитоста на апсолутното раздвојување на сетилниот и поимниот свет. Тој наведува две белешки: прво, не е вистина дека мислењето е неподвижно, тоа се движи од поим до поим; второ, ако сетилата се привид, ако тие се нереални, тогаш кого тие лажат? Небитието не е способно да мами. И покрај негативната оценка на елејската филозофија Ниче сметал дека по Парменид, под неговото влијание, се поставил вистинскиот проблем: учењето за ненастанатото и непроменливо битие да се пренесе на овој свет. При тоа треба да се отфрли барањето прибежиште во теоријата за привидот и во илузијата условена од сетилата. Емпирискиот свет не треба да биде сфатен како привид, стварите треба да содржат вистинско битие. Тоа не е едноставно и лесно. Непријатностите што ги одбегнал Парменид го чекале Анаксагора. Мноштвото, движењето и бесконечноста сега се враќаат од Парменидовото прогонство. Анаксагора прогласува дека сè настанува од сè, спротивното настанува во спротивно. Сè се содржи во сè, а целината добива име според супстанцата која доминира. Движењето определува која супстанца ќе преовладее. Движењето е средство на умот во преминот од хаос во космос. Нусот, умот во филозофијата на Анаксагора, Ниче го нарекува "уметник" кој со наједноставни средства создава највеличествени фирми и патеки. Тој е гениј на механиката и архитектурата на светот. Настанувањето на филозофијата на Анаксагора Ниче го сфаќа како вистински уметнички феномен.

Дури и Питагорејците и Демокрит со нивната строга наука за природата Ниче ги посматра во општата слика на трагичниот период кога Грците преку уметноста успеале да го совладаат песимизмот. Затоа тој вели: "во трагичното време се согласни Питагора, Емпедокле, Анаксимандер, аполонски е спротивен Хераклит, а со секоја уметност раскинува Парменид".

Поради сето тоа Ниче ги наведува овие предности на предсократовската филозофија: постарата филозофија е сродна со

---

14. Op. cit. стр. 60.

уметноста, таа не го негира животот, туку израснува од него, не постои одвратната претензија за среќа, древните филозофи во својот живот ја одгледуваат мудроста, а не студената и пресметана добродетел.

Така предсократовската филозофија го добила највисокото место, а само на врвот се обединуваат мислите на филозофот, делата на уметникот и доброто однесување. Поради тоа таа останала движечка сила за сета европска филозофија.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Niče, Fridrih, Knjiga o filozofu, Grafos, Beograd, 1984.
2. Niče, Fridrih, Dionisiski ditirambi, Grafos, Beograd, 1981.
3. Niče, Fridrih, Filozofija u tragičnom razdoblju Grka, Grafos, Beograd, 1981.
4. Niče, Fridrih. O Koristi i šteti istorije za život, Grafos, Beograd, 1979.
5. Niče, Fridrih, Rodjenje tragedije, 1983.
6. Niče, Fridrih, Vesela nauka, Grafos, Beograd, 1984.
7. Neitzsche, Friedrich, Die Frihliche Wissenschaft, Stuttgart, 1965.
8. Neitsche, Friedrich, Jugendschriften 1858-1868, München.
9. Neitzsche, Friedrich, Janseits Von Gut und Böse, Stuttgart, 1964.



Vera GEORGIEVA


## NIETSCHE ET LES PRÉDECÉSSEURS DE SOCRATE

(Résumé)


Lés véritables philosophes grecs étainet des prédécesseurs de Socrate. A partir de Socrate les choses philosophiques ont beaucoup changé. Justiment dans se senc-là les philosophes considérés comme prédécesseurs de Socrate, faisaint partie de la tradition authentique, qui de son côte aujourd'hui est tout à fait perdue.

Nietsche était persuadé que les prédécesseurs de Socrate étaient des êtres humains qui étaient doués d'intelligence, mais qui d'autre part étaient bien tragiques; ils pervenaient à maîtriser la haine vis à vis du propre savoir, car tout se qu'ils apprenaient dans leur vie ils voulaient le ressentir; pour eux la vie englobait a la fois la pensée humaine et les bonnes connaissances de toutes les choses existentes.

Selon Nietsche, Socrate aurati dû être responsable d'avoir contesté les valeurs des impulsions morales, on d'avoir bien connu le chemin de la vertu, tout en affirmant que partout dans le monde il manquait de claires situations par rapport aux choses analysées.